Врз основа на член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20), член 4 од Одлука за намена на простор во ЛБ „Гоце Делчев" во сопственост на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 09/21) и член 3 и 4 од Одлука за утврдување на услови за избор на Младинска организација или Организација за млади за раководење со Младински центар во Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/21), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06,3/09,18/10,15/14,15/18, 6/19 и 8/21), по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25. 02. 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за објавување на Јавен повик**
**за избор на младинска организација или организација за млади**
**која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

**Член 2**

Младинскиот центар е од отворен тип и ќе биде достапен на младите најмалку 40 часа неделно, распоредени во најмалку 5 дена, утврдено по Правилникот за стандарди за квалитет на Младинските центри (арх. бр. 12-923/1, од 07.04.2021 година), донесен од Агенцијата за млади и спорт.

**Член 3**

Наменетиот простор за функционирање на Младинскиот центар во Велес во ЛБ „Гоце Делчев" ќе се додели на управување на избраната/те организација или група организации, по завршувањето на Јавниот повик.

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да спроведе објава на Јавниот повик и истиот на транспарентен начин биде јавно објавен на официјалната интернет страница на општината.

**Член 4**

Правото на учество и условите кои треба да ги исполнуваат апликантите ќе бидат утврдени во посебно изготвен Правилник, кој го донесува Советот на Општина Велес.

**Член 5**

Општина Велес секоја година во Буџетот на Општина Велес е должна да обезбеди финансиски средства во процентуална вредност од 50% до 70% од вкупно потребните средства утврдени со тригодишна Програма за работа на Младинскиот центар, додека останатите средства организацијата која ќе раководи со Младинскиот центар ги обезбедува од други извори.

**Член 6**

Градоначалникот на Општина Велес, формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1130/11
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков

Република Северна Македонија Совет на Општината Велес Општина Велес

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одд. за јавни дејности;
- Одд. за правни работи;
- Списи и архива